**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА КНИГАТА СО НАСЛОВ „ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“ ОД ПРОФ. Д-Р РИСТО ФОТОВ И ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГОГОВА-САМОНИКОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-138/6, донесена на 100. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 29.6.2015 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Оливера Трајковска-Ѓоргиева, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и
- проф. д-р Трајко Мицески, професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (универзитетски учебник) со наслов *„Финансиски пазари и институции“* од авторите проф. д-р Ристо Фотов и доц. д-р Марија Гогова-Самоников, наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Универзитетскиот учебник „Финансиски пазари и институции” од проф. д-р Ристо Фотов и доц. д-р Марија Гогова-Самоников е труд во кој сеопфатно се обработува материјата посветена на финансискиот систем и неговите компоненти. Анализата во овој труд е насочена кон детално обработување на компонентите на овој систем од аспект на структура, дејност и начин на функционирање. Тие компоненти на финансискиот систем се: финансиските пазари, финансиските институции, финансиските инструменти и начинот на нивно регулирање. Овој материјал студентите го изучуваат по предметот Финансиски пазари и институции. Универзитетскиот учебник е наменет за изучување од страна на студентите од втора студиска година (трети семестар) на студиските програми: Финансиски менаџмент; Сметководство, финансии и ревизија; Банкарство, финансии и осигурување, каде што предметот Финансиски пазари и институции се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 2+2+1).

**Податоци за обем на ракописот**

Универзитетскиот учебник опфаќа истражувања и анализи со доста табели, графикони, формули и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа проблематика. На крајот од учебникот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на финансиските пазари, институции, инструменти и нивното регулирање. Трудот е пишуван во А4 формат, со единичен проред, а употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на универзитетски учебник кој од теоретски аспект ќе им овозможи на студентите стекнување знаења потребни за положување на предметот Финансиски пазари и институции, кој го изучува финансискиот систем во целина, од аспект на структура и од аспект на функционирање. Овие знаења на студентите им претставуваат основна појдовна точка во изучувањето на останатите предмети поврзани со областа финансии, од причина што ги анализира темелите на функционирањето на финансискиот систем, но и тековните надградувања на тој систем. Користењето на различните методи, техники и показатели за согледување на постојната финансиска структура со институции и инструменти, но и опкружувањето на финансиските системи овозможува да се направи и увид во тоа како овие системи се развиваат, еволуираат и како ги применуваат новите методи и начини на работа предизвикани од општествениот развој. Значајно е изучувањето на оваа проблематика од страна на студентите од насоките Финансиски менаџмент, Банкарство финансии и осигурување, како и од Сметководство, финансии и ревизија, со оглед на фактот што знаењата добиени преку овој труд претставуваат моќно средство и основа која во текот на студирањето претставува скелет за проучување на останатите финансиски содржини. Мора да се надополни дека не само студентите, туку и сите останати стеикхолдери (вработени, држава, широка јавност) можат да ги користат податоците и заклучоците на овој учебник како основа во донесување на рационални одлуки во финансиските системи. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот**

Содржински, универзитетскиот учебник е конципиран во 4 посебни делови, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи краток опис на одделните тематски единици кои ја формираат целината на овој труд со дадени заклучни согледувања.

Во првиот дел наречен *Современи компоненти и начини на функционирање на финансискиот систем* е обработена структурата на системот од аспект на начините на нејзино функционирање преку имплементираните единици, начини на посредување, форми на асиметричност кои се јавуваат во работењето на овој систем до начините и методите на регулирање на таа структура.

Во вториот дел од материјалот *Финансиски институции* конкретно и детално се објаснети сите финансиски институции преку кои функционираат сите светски финансиски активности. Обработката е насочена кон нивната специфичност, начинот на работење и карактеристиките кои ги одвојуваат, една институција од друга. Материјалот особено дава приказ на разликите на институциите и спектарот на дејности кои можат да се вршат во нивни рамки.

Третиот дел *Финансиски инструменти* обработува прашања следствено на вториот дел. Тој е посветен на финансиските инструменти, без кои финансиските институции не би функционирале. И овде секој постоен инструмент е детално обработен со сите негови специфични аспекти, карактеристики, приноси и сл. Направена е јасна и детална претстава, со примена и на математички пресметки, за карактеристиките на секој инструмент одделно.

Во четвртиот дел *Финансиски пазари* се сублимираат заклучоците од сите претходни делови и се прави осврт на начинот на функционирањето на финансиските пазари од повеќе аспекти.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката поврзана со начинот и структурата на функционирање на финансиските системи мислиме дека е постигната главната цел на авторите – да им помогнат на студентите да ја разберат суштината, предметот. Преку обработка и различните методи и техники кои оваа анализа ги користи и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот, тие можат практично да ги осознаат структурата и начинот на постоење на финансиските структури и нивната еволуција како резултат на општествените и техничко-технолошки опкружувања.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното

**М И С Л Е Њ Е**

Универзитетскиот учебник „ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ“ од проф. д-р Ристо Фотов и доц. д-р Марија Гогова-Самоников претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со анализа на финансиските пазари и институции. Авторите направиле успешна комбинација на теоретскиот и практичниот аспект, како и аспектот на проблематиката во општествени домени која допрва произлегува како предизвик пред финансиските институции, финансиските пазари и финансиските инструменти, со цел да ја доближат предметната материја до студентите и да им помогнат да научат како оваа анализа да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика, студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат со сигурност да ги применуваат во изучувањето на останатите предметни дисциплини, но исто така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани лица, во секојдневната работа, овој материјал ќе им помогне за полесно разбирање на структурата, комплексноста и алтернативите кои им стојат на располагање од една финансиска структура, како и начините на нејзино функционирање и регулирање во рамки на различни земји.

Со оглед на големото значење за согледување на работењето на финансиските институции, финансиските инструменти и пазари, како и разликите кои тие ги имаат меѓу себе и начините на кои тие тековно треба да се адаптираат сметаме дека трудот ќе даде голем придонес и за студентите и за пошироката стручна јавност. Од оваа причина, препорачуваме овој универзитетски учебник „Финансиски пазари и институции“ од проф. д-р Ристо Фотов и доц. д-р Марија Гогова-Самоников, да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно- научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме универзитетскиот учебник со наслов „Финансиски пазари и институции” од проф. д-р Ристо Фотов и доц. д-р Марија Гогова-Самоников, да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, с.р.**